До
Општина Демир Хисар
igorzab1@yahoo.com
opstinademirhisar@yahoo.com

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

***СОС линија*** **(чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

1. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
2. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
3. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
4. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата СОС линија во 2026 и 2027 година?

***Услуга за советување*** **(чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

5. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)

6. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
7. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
8. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата *советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2026 и 2027 година?

**Услуга за привремен престој (чл. 92 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)**

9. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
10. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
11. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за привремен престој* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
12. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *услугата за привремен престој* во 2026 и 2027 година?

***Бесплатна правна помош*** (чл. 97 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

13. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
14. Колку средства биле доделени на здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на *услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство* во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
15. Кои здруженија на граѓани и правни клиники сте ги финансирале за обезбедување на *услугата за бесплатна правна помош* во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
16. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за *бесплатна правна помош* во 2026 и 2027 година?

**Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство**

17. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
18. Колку финансиски средства биле доделени на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
19. Колкав е бројот на жртви на родово базирано и семејно насилство кои биле опфатени со овој тип на помош во 2022, 2023 и 2024? (да се наведат податоците поделени по година, и пол на жртва)
20. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство 2026 и 2027 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**г) електронски запис**

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**г) е-маил**

- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во _Скопје, 12 мај 2025 година .** ____________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

Датум: 14.05.2025

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-588/1, 13.05.2025 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник наРСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот, [redacted] поднесено на 12.05.2025 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со тоа колку средства се планирани и издвоени од Буџетот на општината за С.О.С. линија, услуга за советување, услуга за привремен престој, бесплатна правна помош и финансиска помош за жени жртви на насилство и жртви на семејно насилство, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со со тоа колку средства се планирани и издвоени од Буџетот на општината за С.О.С, линија, услуга за советување, услуга за привремен престој, бесплатна правна помош и финансиска помош за жени жртви на насилство и жртви на семејно насилство.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 12.05.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 13.05.2025 година под архивски број 18-588/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 14.05.2025 година, под бр. 18-588/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер

________________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Во програмата за родова еднаквост во 2022 година биле планирани 27 000 денари, во 2023 година исто 27 000 денари, во 2024 година 80 000 денари и во 2025 година 60 000 денари. Во овие години не е планиран расход за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртви на семејно насилство.

2. Во 2022, 2023 и 2024 година нема доделено средства за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртви на семејно насилство.

3. За обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртви на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година нема финансирано даватели на социјални услуги.

4. До сега не се направени проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата С.О.С. линија за 2026 и 2027 година.

5. Средствата се планирани во програмата родова еднаквост и тоа во 2022 година (27 000 денари), во 2023 година (27 000 денари), во 2024 година (80 000 денари) и 2025 година (60 000 денари). Не е планиран расход за услугата советување.

6. За обезбедување на услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство нема доделено средства на давателите на услугата во 2022, 2023 и 2024 година.

7. Нема финансирано даватели на социјални услуги за обезбедување на услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година.

8. Се уште немаме направено проекции за тоа колку средства би издвоиле во 2026 и 2027 година за услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство.

9. . Средствата се планирани во програмата родова еднаквост и тоа во 2022 година (27 000 денари), во 2023 година (27 000 денари), во 2024 година (80 000 денари) и 2025 година (60 000 денари), а  расходи за даватели на социјални услуги за обезбедување на услугата за привремен престој во овие години нема планирано.

10. За обезбедување на услугата за привремен престој во 2022, 2023 и 2024 година насилство нема доделено средства на давателите на услуга.

11. Нема финансирано даватели на социјални услуги за обезбедување на услугата за привремен престој во 2022, 2023 и 2024 година.

12. Немаме направено проекции за тоа колку средства би издвоиле во 2026 и 2027 година за услугата за привремен престој.

13. Во општинскиот буџет планирани се средства во програмата родова еднаквост и тоа во 2022 година (27 000 денари), во 2023 година (27 000 денари), во 2024 година (80 000 денари) и 2025 година (60 000 денари), подетално нема планирани расходи за здруженија на граѓани или правни клиники за обезбедување на услугата бесплатна правна помош.

14. На здруженија на граѓани или правни клиники за обезбедување на услугата бесплатна правна помош во 2022, 2023 и 2024 година нема реализирани расходи.

15. Во 2022, 2023 и 2024 година нема финансирано здруженија на граѓани или правни клиники за обезбедување на услугата бесплатна правна помош.

16. За 2026 и 2027 година се уште немаме направено проекции за тоа колку средства би издвоиле за бесплатна правна помош.

17. Планирани расходи за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство подетално нема, средствата се планирани во програмата родова еднаквост и тоа во 2022 година (27 000 денари), во 2023 година (27 000 денари), во 2024 година (80 000 денари) и 2025 година (60 000 денари).

18. Нема доделено финансиски средства на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година.

19. Во 2022, 2023 и 2024 година немавме информација за пријавени жртви на родово базирано и семејно насилство.

20. За 2026 и 2027 година се уште немаме направено проекции за тоа колку средства би издвоиле за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

----------------------------------------------